Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: "Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќаат.

СКОПЈЕ
Вторник, 25 декември 1951 година
Број 33 Год VII

Овој број чини 8 дин. Претплата за 1951 година изнесува 350 дин. Чековна сметка број 801-901702

## 133

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија, во врска со Указот на Президиумот на Народното собрание на НРМ У. бр. 12 од 13 април 1951 година, а по предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, издава

### УКАЗ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИКАНСКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА И ЕВИДЕНЦИЈА

I.

Се разрешува од должност **Симитчиев Асен,** директор на Републиканскиот завод за статистика и евиденција, поради заминување на друга должност.

II

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 35
Скопје, 14 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание**
**на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**
Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

## 134

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија, во врска со Указот на Президиумот на Народното со брание на НРМ У. бр. 12 од 13 април 1951 година, а по предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, издава

### УКАЗ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОРОТ НА ГЛАВНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА МЕТАЛУРГИЈА

I.

Се разрешува од должност **Драшкоци инж. Војин — Димче,** бивш директор на Главната дирекција за металургија, поради смрт.

II

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 36
Скопје, 14 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание**
**на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**
Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

## 135

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија, во врска со Указот на Президиумот на Народното собрание на НРМ У. бр. 12 од 13 април 1951 година, а по предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, издава

### УКАЗ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИКАНСКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА И ЕВИДЕНЦИЈА

I.

За директор на Републиканскиот завод за статистика и евиденција се именува **Пеќевски Боро,** досегашен помошник претседател на бившиот Совет за градежни и комунални работи.

II

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 37
Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание**
**на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**
Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

## 136

Врз основа член 73, точка 4 од Уставот на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ УКАЗОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ВЛАДАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
### У. бр. 12/51 од 13. IV. 1951 година

I.

Во разделот II став 2. точка 13 се менува и гласи:
„Работите од Комитетот за водостопанство на Советот за земјоделство и шумарство".

II

Овој Указ влегува во сила од денот на неговото објавување во „Службен векник на Народна Република Македонија".

У. бр. 38
Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание**
**на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**
Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

## 137

На основа член 73, точ. 4 од Уставот на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Владата, издава

# УКАЗ

## ЗА УКИНУВАЊЕ И ОСНОВАЊЕ НА ГЛАВНИ УПРАВИ

I.

Се укинуваат Главната управа за комунални работи и Главната управа за локална индустрија и занаетчиство и оснива Главна управа за комунални работи, локална индустрија и занаетчиство.

Работите од надлежноста на укинатата Главна управа за комунални работи и укинатата Главна управа за локална индустрија и занаетчиство се пренесуваат во надлежност на новоснованата Главна управа за комунални работи, локална индустрија и занаетчиство.

II

Се укинуваат Главната управа за трговија и снабдување, Главната управа за државни набавки и Главната управа за туризам и угостителство.

Работите од надлежноста на укинатите главни управи од претходниот став се пренесуваат во надлежност на Советот за промет со стоки.

III.

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 39
Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**
Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

## 138

На основа член 73, точ. 4 од Уставот на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Владата, издава

# УКАЗ

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОРИТЕ НА УКИНАТИТЕ ГЛАВНИ УПРАВИ И ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА НОВООСНОВАНА ГЛАВНА УПРАВА

I.

Се разрешуваат од должност:

**Тонев Бошко,** директор на укинатата Главна управа за трговија и снабдување;

**Ѓорчевски Стојан,** директор на укинатата Главна управа за државни набавки;

**Палмеров Андро,** директор на укинатата Главна управа за туризам и угостителство;

**Зографски Димче,** директор на укинатата Главна управа за увоз и извоз;

**Наумовски Круме,** директор на укинатата Главна управа за локална индустрија и занаетчиство; и

**Димевски Мице,** директор на укинатата Главна управа за комунални работи.

II

За директор на Главната управа за комунални работи, локална индустрија и занаетчиство се именува **Наумовски Круме,** досегашен директор на укинатата Главна управа за локална индустрија и занаетчиство.

III.

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 40
Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**
Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

## 139

На основа член 73, точ. 4 од Уставот на НРМ, Президиумот на Народното собраниие на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Владата, издава

# УКАЗ

## ЗА СОСТАВОТ НА СОВЕТОТ ЗА ПРОМЕТ СО СТОКИ

I.

Советот за промет со стоки го сочинуваат, освен Претседателот на Советот, и следните лица:

**Симеонов Благој,** помошник на Претседателот на Советот за индустрија и градежништво;

**Пилиповиќ Слободан,** потполковник на Југословенската Армија

**Белчев Коце,** претседател на Советот за промет со стоки на Народниот одбор на град Скопје;

**Цветковски Никола,** член на Народниот одбор на град Битола,

**Славе Славчо,** потпретседател на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Титов Велес;

**Исаиловски Јово,** член на Земското веќе на Сојузот на синдикатите на Југославија за Македонија;

**Војницалиев Славко,** член на Земскиот одбор на Сојузот на синдикатите на трговските работници и службеници за Македонија;

Инж. **Блажевски Јордан,** директор на Главната дирекција за задружно земјоделие;

**Тонев Бошко,** бивш директор на Главната управа за трговија и снабдување.

II.

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 41

Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**
Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

## 140

На основа член 73, точ. 4 од Уставот на НРМ и став 3, точ. III од Указот за реорганизација на Владата на Народна Република Македонија У. бр. 12 од 13.IV. 1951 година, по предлог од Претседателот на Владата и претходна согласност од работничкиот совет на Главната дирекција за текстилна и кожарска индустрија, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, издава

## УКАЗ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ГЛАВНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕКСТИЛНА И КОЖАРСКА ИНДУСТРИЈА

I.

Се разрешува од должност **Симонов Благој,** директор на Главната дирекција за текстилна и кожарска индустрија.

II.

За директор на Главната дирекција за текстилна и кожарска индустрија се именува **Христов Тодор,** досега помошник директор на истата Дирекција.

III.

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 42

Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**

Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

# 141

На основа член 73, точ. 4 од Уставот на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА УСТАНОВУВАЊЕ ПОЛОЖАЈОТ ЗАМЕНИК МИНИСТЕР

I.

Се установува положајот заменик министер во Владата.

II

Заменикот министер го именува Президиумот на Народното собрание по предлог од Претседателот на Владата.

III.

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 43

Скопје. 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**

Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

# 142

На основа член 73, точ. 4 од Уставот на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

I.

Се разрешува од должност Претседателот на Окружниот суд во Скопје **Симитчиев Асен** поради преминување на друга должност.

II

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 44

Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**

Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

# 143

На основа член 73, точ. 4 од Уставот на НРМ и Указот за установување положајот заменик министер, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Владата издава

## УКАЗ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК МИНИСТЕР

I.

За заменик на Министерот — Претседател на Советот за индустрија и градежништво се именува **Симитчиев Асен,** бивш претседател на Окружниот суд во Скопје.

II

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 45

Скопје, 28 ноември 1951 година

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Мито Димитриевски, с. р.**

Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

---

### СООПШТЕНИЕ

Претседателството на Владата на НРМ соопштува дека Министерството за надворешни работи на ФНРЈ со писмо пов. бр. 109/3—10 од 12-X-1951 год е издало егзекватура на Мато Сасуниќ, државјанин на ФНРЈ кој е наименован за почесен Генерален конзул на република Боливија во Сплит, со јурисдикција на територијата на ФНР Југославија.

Од Претседателството на Владата на НР Македонија.

---

## РЕГИСТРАЦИИ НА ПРИВАТНИ ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ И РАБОТИЛНИЦИ

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Прилеп бр. 1599/51 год. запишан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 465, рег. бр. 465, занаетчискиот дуќан под фирма: Леблебиџија, Амед Сулејманов Диздарски со седиште во град Прилеп.

Предмет на работата на дуќанот е: печење и продавање на леблебија.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Амед Сулејманов Диздароски.

Од Поверен. за финансии на ГНО — Прилеп, бр. 3967 од 15-X-1951 год. II—155—3043

---

Врз основа дозволата од ГНО — Прилеп бр. 1470/45 год., запишан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 466, рег. бр. 466, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Милан Трајков Апостолоски со седиште во град Прилеп.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Милан Трајков Апостолоски.

Од Поверен. за финансии на ГНО — Прилеп, бр. 2676 од 15-X-1951 год. II—155—3044

---

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Прилеп бр. 16321/40 год., запишан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 467, рег. бр. 467, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондураџија, Тодор К. Трајкоски со седиште во град Прилеп.

Предмет на работата на дуќанот е: изработка и поправка на кондури.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Тодор К. Трајкоски.

Од Поверен. за финансии на ГНО Прилеп, бр. 5298 од 15-X-1951 год. II—155—3045

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Битола бр. 27870/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 529, рег. бр. 529, занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач, Чељо Џемал Љамковски со седиште во град Битола.

Предмет на работата на дуќанот е: ковачки изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Чељо Џемал Љамковски.

Од Поверен. за финансии на ГНО — Битола бр. 27871 од 29-X-1951 г. II—161—3164

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Битола бр. 27935/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 525, рег. бр. 525, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Ташко Најдов Секуловски со седиште во град Битола.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ташко Најдов Секуловски

Од Поверен. за финансии на ГНО — Битола бр. 28122 од 29-X-1951 год. II—162—3165

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Битола бр. 27927/51г од., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 528, рег. бр. 528, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондураџија, Феим Усеин Зекир со седиште во град Битола.

Предмет на работата на дуќанот е: изработка и поправка на кондури.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Феим Усеин Зекир.

Од Поверен. за финансии на ГНО — Битола, бр. 27928 од 29-X-1951 год. II—162—3166

## СООПШТЕНИЕ

**Се известуваат претплатниците на "Службен весник на НРМ" дека претплатата за 1952 година ќе изнесува 400 (четиристотини) динари за еден примерок.**

**Претплатата се уплатува однапред по приложената чековна уплатница во "Службен весник на НРМ" бр. 31/51, за цела година на чек. с-ка 801—901702 кај Народната банка на ФНРЈ — централа за НРМ — Скопје.**

**При уплатување на сумата треба на самиот чек или вирмански налог да се напише јасно адресата на која што ќе се испраќа весникот, а од другата страна на чекот да се наведе зошто се уплатува сумата, за колку примерци и претплатниот број под кој е приман весникот во 1951 година.**

**Претплатата треба да се обнови за идната година до крајот на месец декември о.г. После овој рок на секој што не ја обновил претплатата испраќањето на весникот ќе се обустави.**

**Како извесен број претплатници од 1951 година уште не ја подмириле претплатата, се молат со претплатата за идната година едновремено да ја внесат и должната претплата од 1951 година.**

**ОД АДМИНИСТРАЦИЈАТА**

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Битола бр. 29363/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 548, рег. бр. 548, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар, Ставре Иванов Коњарев со седиште во град Битола.

Предмет на работата на дуќанот е: столарски изработки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ставре Иванов Коњарев

Од Поверен. за финансии на ГНО — Битола, бр. 29469 од 2-XI-1951 год. II—164—3217

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Битола бр. 29314/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 553, рег. бр. 553, занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач, Челик Асан Амедов со седиште во град Битола.

Предмет на работата на дуќанот е: ковачки изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот. Челик Асан Амедов.

Од Поверен. за финансии на ГНО — Битола бр. 29315 од 10-XI-1951 год. II—164—3218

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Битола бр. 29484/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 549, рег. бр. 549, занаетчискиот дуќан под фирма: Налбат, Александар Лазаров Ѓорѓиев со седиште во град Битола.

Предмет на работата на дуќанот е. потковување на добиток.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Александар Лазаров Ѓорѓиев.

Од Поверен. за финансии на ГНО — Битола, бр. 29468 од 10-XI-1951 год. II—165—3219

## СОДРЖИНА


| Рег бр. | | Страна |
|---|---|---|
| 133 | Указ за разрешување директорот на Републиканскиот завод за статистика и евиденција | 259 |
| 134 | Указ за разрешување директорот на Главната дирекција за металургија | 259 |
| 135 | Указ за именување директор на Републиканскиот завод за статистика и евиденција | 259 |
| 136 | Указ за изменување Указот за реорганизацијата на Владата на Народна Република Македонија | 259 |
| 137 | Указ за укинување и основање на главни управи | 260 |
| 138 | Указ за разрешување директорите на укинатите главни управи и именување директор на новооснованата главна управа | 260 |
| 139 | Указ за составот на Советот за промет со стоки | 260 |
| 140 | Указ за разрешување и именување директор на Главната дирекција за текстилна и кожарска индустрија | 260 |
| 141 | Указ за установување положајот заменик министер | 261 |
| 142 | Указ за разрешување Претседателот на Окружниот суд во Скопје | 261 |
| 143 | Указ за именување заменик министер | 261 |


Издава: Новинско издавачко претпријатие "Службен весник на Народна Република Македонија" — Скопје ул. "29 ноември". Одговорен уредник Петар Јаневски. Пошт. фах 51 Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје бр. 801-901702 Печатница "Гоце Делчев" — Скопје.